Република Северна Македонија
Единица на локална самоуправа
Бр. 05 - 2251/1
23.02 2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М." бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08), Градоначалникот на Општина Охрид објавува

**КОНКУРС**
**за пријавување на кандидати за бесплатни курсеви**

Со цел стимулирање на социјалната интеграција на невработените лица и подобрување на нивните квалификации за идно вработување како и на вработени кои сакаат да се докфалификуваат и прекфалификуваат, општина Охрид согласно Годишната програма на одделението за локален економски развој за 2026 година, мерка 1.1.Активни мерки за подобрување на конкурентноста на пазарот на труд на Општина Охрид, распишува конкурс за спроведување на бесплатни курсеви за:

**- Болничари/негувател на стари лица;**
**- Сметководство - основно ниво (запознавање со сметководството, теорија и пракса);**
**- Обука за компјутерски програми за канцелариско работење;**
**- Странски јазици (англиски, германски);**
**- Заварувачи;**
**- Фризери;**

**I. Услови за доделување бесплатен курс**

Предност за пријавување за овие курсеви имаат невработените лица, но и вработени кои сакаат да се докфалификуваат и прекфалификуваат.

За да се реализира одреден курс треба да се пријават најмалку 15 учесници. Општина Охрид го задржува правото некој од курсевите да не се реализира доколку нема заинтересираност.

Изборот на учесниците ќе биде по принципот **"Прв дојден, прв услужен"**.

**II. Начин на пријавување**

Кандидатите кои се пријавуваат на Конкурсот, треба да ги пополнат потребните обрасци поставени на интернет страната www.ohrid.gov.mk.

Со Пријавата потребно е да достават и :

1. Изјава за лични податоци;
2. Изјава потпишана од кандидатот дека доставените документи се вистинити и дека истиот не посетува таков курс од друга институција или фирма.

Пријавените учесници треба да имаат завршено средно образование.

**III. Рок на пријавување**

Потребните документи кандидатите треба да ги достават најдоцна 10 дена од денот на објавувањето на Конкурсот на адреса: **ОЈУ ОГУ за доживотно учење " Кузман Шапкарев" Охрид, ул.Туристичка бр. 79 – Охрид,** во затворен коверт со назнака „Конкурс за пријавување на кандидати за бесплатни курсеви" или во Архивата на ОЈУ ОГУ за доживотно учење " Кузман Шапкарев"секој работен ден од 09 до 14 часот, тел. за контакт 078/619-742.

Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани.

Изготвил: Снежана Трајкоска
Контролирал: М-р Симе Стефановски
Одобрил: М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков**

Република Северна Македонија
Градоначалник
ОХРИД